Universiteti i EJL ne Tetovë - Republika e Maqedonisë
ЈИЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar<br>Примено<br>Received | 21.03.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org.<br>Орг.Един.<br>Org.unit | Numer<br>Број<br>No. | Shtojcë<br>Прилог<br>Attachment | Vlera<br>Вредност<br>Value |
| 03 | 618 | 5 | |


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 19-445/14
15.03. 2017 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 1. седница одржана на 24.02.2017 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Албанолошки студии" втор циклус студии на Факултет за јазици, култури и комуникации при Универзитет на Југоисточна Европа Тетово**

1. Се акредитира студиска програма **„Албанолошки студии" втор циклус студии на Факултет за јазици, култури и комуникации при Универзитет на Југоисточна Европа Тетово** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од две години (четири семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 120 ЕКТС и со звање: **Магистер по албанолошки студии,** Научно - истражувачко подрачје: Хуманистички науки, научно - истражувачко поле: Наука за јазик, Наука за книжевност, научно - истражувачка област: Албанологија, Фонетика, Општа лингвистика, Применета лингвистика, Компаративна лингвистика, Фонологија, Социолингвистика, Психолингвистика, Граматика, семантика, семиотика, синтакса, Лексикологија, Историја на јазикот, Учење странски јазик и друго.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Факултет за јазици, култури и комуникации во Тетово, втор циклус студиска програма „Албанолошки студии", на 01.12.2016 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 1. седница одржана на 24.02.2017 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Александар Стојков